Сборник с научни трудове от
международна научна конференция

# КРИЗИ И КОНФЛИКТИ – КОРЕЛАЦИИ И ПРЕДИЗВИКАТЕЛСТВА

**Том 1.** Кризи и сигурност
на международно и регионално ниво



NEW BULGARIAN UNIVERSITY 30 YEARS ГОДИНИ НОВ БЪЛГАРСКИ УНИВЕРСИТЕТ

180x250_Sbornik_Cover.indd 1 11.10.2021 г. 11:53:51

# СБОРНИК НАУЧНИ ТРУДОВЕ
# МЕЖДУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЯ
# „КРИЗИ И СИГУРНОСТ – КОРЕЛАЦИИ И ПРЕДИЗВИКАТЕЛСТВА“
## ТОМ 1. КРИЗИ И СИГУРНОСТ НА МЕЖДУНАРОДНО И РЕГИОНАЛНО НИВО
**14 май 2021 г.**

**Организатор: Департамент „Национална и международна сигурност (НБУ)**
**Съорганизатори:** National Security Faculty of War Studies University, Warsaw, Poland
University of Criminal Justice and Police Studies, Belgrade, Serbia
Национален военен университет „Васил Левски”
Научно-технически съюз по машиностроене „INDUSTRY 4.0”
Великотърновски университет „Св. св. Кирил и Методий“
„Национална асоциация на разузнавачите”
„Национална асоциация сигурност”
Списание „Сигурност“, издател „Парадокс” ООД

**Научен комитет:**
*Председател:* Проф. д-р Николай Радулов, д.н.
*Научен секретар:* Проф. д-р Ненко Дойков (НБУ)
*Членове:*
Проф. д.т.н. д-р хон. кауза Георги Попов (НТС)
Prof. Dr. Saša Mijalkovic (Vice Rector for International cooperation, University of Criminal Justice and Police Studies, Belgrade, Serbia)
Проф. д.ф.н. Вихрен Бузов (ВТУ „Св. св. Кирил и Методий”)
Проф. д-р полк. Веселин Мадански (НВУ „В. Левски”)
Проф. д-р А. П. Андруник (Прикамски университет)
Проф. д-р академик Слободан Нешкович (Нови сад, FIMEK)
Проф. д.и.н. Михаил Станчев (Украйна, Харковски университет)
Prof. Ryszard SZPYRA (WSU, Warsaw, Poland)
доц. Тодор Коларов, д.н. (НБУ), ръководител на департамент „Национална и международна сигурност”
COL Bogdan GRENDA, Assoc. Prof. (WSU)
LTC Andrzej SOBOŃ, PhD (WSU)
Assoc. Prof. Ilona URYCH (WSU)
Assoc. Prof. Piotr GROCHAMLSKI (WSU)
Dr Lech DRAB (WSU)
Д-р Райчо Георгиев (НТС)

**Организационен комитет:**
*Членове:* Проф. Николай Радулов, д.н., проф. д-р Ненко Дойков, д-р Тихомир Стойчев, гл. ас. д-р Михаел Димитров, гл. ас. д-р Дафинка Сидова, ас. д-р Гергана Йорданова, ас. Николай Марков, Marta BACHOR, Marlena BLICHARZ
*Технически секретар:* Салиха Боровин

Съставителство и научна редакция: проф. д-р Ненко Дойков
Рецензенти: проф. Георги Бахчеванов, д.н., проф. д-р Стефан Мичев, проф. д-р Лидия Велкова, доц. Тодор Коларов, д.н.
Техническо оформление и редакция: гл. ас. д-р Михаел Димитров, гл. ас. д-р Дафинка Сидова и ас. д-р Гергана Йорданова

**Издател:**
Научно технически съюз по машиностроене „Индустрия 4.0”
ISBN: **978-619-7383-22-5**

***Сборникът е отпечатан с финансовата подкрепа на Централен фонд за стратегическо развитие към Настоятелството на НБУ.***

гр. София
2021 г.

## СЪДЪРЖАНИЕ


*КРИЗИ И КОНФЛИКТИ – ТЕХНОЛОГИЧНО УСЪВЪРШЕНСТВАНЕ НА СИГУРНОСТТА*
Николай Радулов ........................................................................................ 5

*КРИЗИ – КОРЕЛАЦИИ В ОБЩЕСТВОТО*
Христо Иванов ........................................................................................ 14

*ЗЛОУПОТРЕБИ СЪС ЗДРАВНАТА СИГУРНОСТ*
Вихрен Бузов ........................................................................................ 18

*МЕЖДУНАРОДНИ ПРИНЦИПИ ЗА ОПАЗВАНЕ ПРАВАТА НА ЧОВЕКА ПО ОТНОШЕНИЕ МОНИТОРИНГА НА КОМУНИКАЦИОННИТЕ СРЕДСТВА ОТ СЛУЖБИТЕ ЗА СИГУРНОСТ*
Илин Савов ........................................................................................ 26

*СТРУКТУРАЛИСТКИ ПОДХОД КЪМ РАЗБИРАНЕ НА РЕГИОНАЛНИТЕ ПРОСТРАНСТВА*
Михаел Димитров ........................................................................................ 34

*СИГУРНОСТТА В ЕВРОПА. ЮГОИЗТОЧНИЯТ ФЛАНГ НА НАТО - ПРОБЛЕМИ И РЕШЕНИЯ*
Йордан Бакалов ........................................................................................ 41

*ГЛОБАЛНИТЕ ТЕНДЕНЦИИ И СБЛЪСЪКЪТ МЕЖДУ САЩ С КИТАЙ*
Ерол Буюклиев ........................................................................................ 52

*ЕДИН ПОГЛЕД ВЪРХУ ПРАВНАТА РЕГЛАМЕНТАЦИЯ И ИЗПОЛЗВАНЕТО НА ИНФОРМАЦИЯ ОТ ТРАФИЧНИТЕ ДАННИ ПРИ НАКАЗАТЕЛНИ ПРОИЗВОДСТВА В САЩ*
Илин Савов ........................................................................................ 60

*СТРАТЕГИЧЕСКОТО ПРЕДИЗВИКАТЕЛСТВО ЗА СИГУРНОСТТА В ЮГОИЗТОЧНА ЕВРОПА*
Мариан Нинов ........................................................................................ 69

*КОНФЛИКТИТЕ НА БАЛКАНСКИЯ ПОЛУОСТРОВ ОТ АНТИЧНОСТТА ДО НАШИ ДНИ*
Иван Попов ........................................................................................ 79

*РУСКАТА ДИПЛОМАЦИЯ В БЛИЗКИЯ ИЗТОК – ПОЛИТИКА НА ВЗАИМОДЕЙСТВИЕ И ПРОТИВОПОСТАВЯНЕ С ТУРЦИЯ*
Йордан Бакалов ........................................................................................ 89

*ПОЛИТИЧЕСКИТЕ КРИЗИ И СИГУРНОСТТА - ВЪТРЕШНИ И ВЪНШНИ АСПЕКТИ НА ВЪЗДЕЙСТВИЕТО*
Оливер Андонов и Тони Георгиев ........................................................................................ 97

*THE NATIONAL CYBER SECURITY STRATEGY 2018-2020 OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA IN PRACTICE*
Dukica Pavlovikj ........................................................................................ 106

*ОТНОШЕНИЯТА ТУРЦИЯ - ЕВРОПЕЙСКИ СЪЮЗ И ВЛИЯНИЕТО ИМ ВЪРХУ БЕЖАНСКИТЕ ПОТОЦИ КЪМ РЕПУБЛИКА БЪЛГАРИЯ*
Васил Павлов ........................................................................................ 113

*КЪМ ПОМИРЕНИЕ: МОЖЕМ ЛИ ДА ИЗГРАЖДАМЕ БЪДЕЩЕ, БЕЗ ДА ИЗЦЕЛИМ ТРАВМИТЕ ОТ МИНАЛОТО?*
Георги Станков ........................................................................................ 120

*СТРАТЕГИИ ЗА ПРОТИВОДЕЙСТВИЕ СРЕЩУ РАДИКАЛИЗАЦИЯТА В БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА*
Мирела Владимирова и Дафинка Сидова ........................................................ 129

*ТВРДЕЊА БЕЗ ДОКАЗИ: МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИОГРАФИЯ КАТО ПОСТМОДЕРНИСТКИ ПРОЕКТ*
Георги Станков ........................................................................................ 138

*РУСКАТА ДИПЛОМАЦИЯ В БЛИЗКИЯ ИЗТОК – ПОЛИТИКА НА ВЗАИМОДЕЙСТВИЕ И ПРОТИВОПОСТАВЯНЕ С ИЗРАЕЛ*
Йордан Бакалов ........................................................................................ 147

*СЪВРЕМЕННИТЕ ПРЕДИЗВИКАТЕЛСТВА ПРЕД СИГУРНОСТТА В ЕВРОПЕЙСКИЯ СЪЮЗ*
Александра Вълчева ........................................................................................ 155

*ОПИТ ЗА ДЕТЕРМИНИРАНЕ НА НОВОТО ПОКОЛЕНИЕ ТЕРОРИСТИ*
Ненко Дойков ........................................................................................ 162

*ПСИХОЛОГИЧНИ ТЕОРИИ ЗА ТЕРОРИСТИЧНОТО ПОВЕДЕНИЕ*
Калин Гайдаров ........................................................................................ 168

*THE HAWALA SYSTEM AS A TYPOLOGY FOR TERRORIST FINANCING*
Гергана Йорданова ........................................................................................ 174

*ГРУПИ ЗА СПЕЦИАЛНИ ТАКТИКИ И ОРЪЖИЯ*
Ненко Дойков ........................................................................................ 180

*КЛИНИЧНИ ПСИХОСОЦИАЛНИ МОДЕЛИ, СВЪРЗАНИ С КРИМИНАЛНОТО ПОВЕДЕНИЕ*
Калин Гайдаров ........................................................................................ 186

*ПРЕСТЪПНОСТТА КАТО СОЦИАЛЕН КОНФЛИКТ*
Тихомир Стойчев ........................................................................................ 189

*КРИМИНОЛОГИЧНИ АСПЕКТИ НА ЕЛЕКТРОННИЯ МОНИТОРИНГ ВЪРХУ ПОВЕДЕНИЕТО НА ПРАВОНАРУШИТЕЛИТЕ*
Росен Кирилов .......................................................................................... 199

*МИГРАЦИИ, КРИЗИ И СИГУРНОСТ*
Мария Гюлеметова .................................................................................... 206

*ЕКОЛОГИЧНАТА СИГУРНОСТ НА ЕВРОПЕЙСКИЯ СЪЮЗ – АНАЛИЗ НА ВЪНШНАТА СРЕДА НА ВЛИЯНИЕ*
Емануела Иванова и Дафинка Сидова ..................................................... 213

*КИБЕРАТАКАТА СРЕЩУ SOLARWINDS*
Цветомир Алексов .................................................................................. 225

*АДМИНИСТРАЦИЯ ИЛИ МЕНИДЖМЪНТ В СЕКТОРА ЗА СИГУРНОСТ И ОТБРАНА*
Петър Стоилов ........................................................................................ 231

*КОНЦЕПТУАЛИЗАЦИЯ НА ПОНЯТИЕТО „ИНФОРМАЦИОННА СИГУРНОСТ”*
Светослав Велков .................................................................................... 240

***Забележка: Отговорността за автентичността на съдържанието на докладите и за спазване на правилата за цитиране е на авторите.***
***На авторите е предоставена възможност за изразяване на мнение без никаква редакционна и/или друга намеса. Съдържанието на материалите не представлява възгледите на издателя, редакционния колектив и рецензентите. Те не носят отговорност за мненията, изразени във всяка една статия от съответния/те автор/и.***

# ПОЛИТИЧЕСКИТЕ КРИЗИ И СИГУРНОСТТА - ВЪТРЕШНИ И ВЪНШНИ АСПЕКТИ НА ВЪЗДЕЙСТВИЕТО

Проф. д-р Оливер АНДОНОВ,
Воена академија „Генерал Михаило Апостолски" - Скопје

**Prof. Oliver ANDONOV, PhD**
**Military Academy "General Mihailo Apostolski" - Skopje**

Проф. д-р Тони ГЕОРГИЕВ,
Воена академија „Генерал Михаило Апостолски" - Скопје

**Prof. Toni GEORGIEV, PhD**
**Military Academy "General Mihailo Apostolski" - Skopje**

***Резюме:*** Современите политички кризи претставуваат секојдневие со кое државите се соочуваат како на внатрешен план, така и во недворешните односи, а пред се билатералните или меѓудржавни односи. Одтука, аспектите на влијанијата на политичките кризи се реализираат во општеството на две нивоа. Тоа се нивоата на меѓудржавен судир и на внатрешен политички судир, а при тоа чувството за несигурност може да биде на ниво на перцепција и на ниво на реализам.

Во секој случај, и надворешните и внатрешните аспекти на политичките кризи немора секогаш да значат воен аспект на загрозување на сигурноста. Покрај утврдената теза на класичната природа на војната и нејзината поврзаност со политиката преточена во дефиницијата на Клаузевиц: „Војната е продолжување на политиката со други средства", како и пристапот на СИПРИ во однос на дефинирањето на војната во услови на внатрешен вооружен судир, политичката криза во современите општествени и меѓународни односи воопшто немора да значи и присуство на војна заради загрозување на сигурноста.

Токму во овој труд ќе се обидеме да направиме една теориска анализа на невоените аспекти на влијанието на политичките кризи во билатералните односи и внатрешните аспекти во засегнатите држави. Како пример на создадена политичка криза, нејзиниот резултат на етнополитичка мобилизација и употреба на моќта на страните во кризата, перцепцијата на граѓаните и аспектите на меѓусебните (како надворешни) и внатрешните влијанија на политичката криза за потребите на овој труд ќе ја земеме актуелната политичка криза помеѓу Бугарија и Македонија.

Тенденцијата на оваа анализа е да даде научен придонес во надминувањето на кризата и дефакторизација на елементите кои и од двете страни се употребени за секуритизација на политичката криза. Воедно да се дадат дефиниции на политичката криза и сигурноста низ призмата на меѓународното право, сигурноста и политиката, со отворање на можноста истите да имаат конструктивно значење во надминувањето на кризата како помеѓу државите, така и внатре во самите нив и десекуритизација на кризата што ќе доведе до отстранување на фактичката и перцепираната несигурност или недоверба.

***Клучови думи:*** политичка криза, сигурност, надворешни и внатрешни влијанија

***Summary:*** Modern political crises are everyday that countries face both internally and externally, and above all bilateral or interstate relations. Hence, the aspects of the impact of political crises are realized in society on two levels. These are the levels of interstate conflict and internal

political conflict, and the feeling of insecurity can be at the level of perception and at the level of realism.

In any case, both the external and internal aspects of political crises do not always have to mean the military aspect of endangering security. In addition to the established thesis of the classical nature of war and its relation to politics translated into Clausewitz's definition: "War is the continuation of politics by other means", as well as SIPRI's approach to defining war in the context of internal armed conflict, the political crisis in modern social and international relations it does not necessarily mean the presence of war to endanger security.

It is in this paper that we will try to make a theoretical analysis of the non-military aspects of the impact of political crises in bilateral relations and internal aspects in the countries concerned. As an example of a created political crisis, its result of ethno-political mobilization and use of power of the parties in the crisis, citizens' perception and aspects of mutual (as external) and internal influences of the political crisis for the needs of this paper we will take the current political crisis between Bulgaria and Macedonia.

The tendency of this analysis is to make a scientific contribution to overcoming the crisis and defactorizing the elements that have been used by both sides to securitize the political crisis. At the same time to give definitions of the political crisis and security through the prism of international law, security and politics, by opening the possibility for them to have a constructive meaning in overcoming the crisis both within and within themselves and desecuritization of the crisis that will lead to remove factual and perceived uncertainty or mistrust.

***Keywords:*** political crisis, security, external and internal influences

**Вовед**

Трудот кој го презентираме пред вас се занимава со основното дефинирање на политичките кризи и нивните внатрешни и надворешни аспекти на влијание врз сигурноста. При тоа, ќе се обидеме да дадеме и неколку практични примери на генерирани кризи врз примерот на Република Македонија и односите со Република Бугарија, како и на примерот на континуиран латентен конфликтен процес односно политичка криза во Босна и Херцеговина и надворешните влијание врз истата. Секако, во трудот ќе го опфатиме и поимот „секуритизација“ кој во однос на зголемувањето или намалувањето на капацитетот на политичките кризи влијае директно како алатка која незаменливо се употребува.

Етимолошки гледано, зборот криза потекнува од грчкиот јазик. Во старо грчкиот јазик зборот криза (κριςις) значи „пресуда“ или „одлука“, т.е. пресудниот момент кој одлучува во понатамошниот позитивен или негативен развој на некои работи и ситуации. Во суштина криза е кога треба да се одлучи, носѐуште да не е одлучено[1].

Кризата е „сериозна закана за основните структури или фундаменталните вредности и нормина социјалниот систем кој во услови на временски притисок и несигурни околности има потреба од донесување на критична одлука“[2].

Овие две дефиниции на кризата дадени од колегите од Србија, Босна и Македонија во нивниот учебник имаат основа на етимолошко и тесно дефинирање на кризата како апстрактен поим. Кога зборуваме за политичките кризи било на внатрешен или билатерал или мултилатерален план во меѓународните односи, зборуваме за политика и политички процеси кои се доведени во безизлез поради што се продуцира криза во внатрешно-политичките или надворешно-политичките релации.

---

[1]Желимир Кешетовиќ, Неџат Корајлиќ, Иван Тотх, Марјан Ѓуровски, „Управувањето со кризи меѓу теоријата и практиката“, Универзитет Св.Климент Охридски-Битола, Факултет за безбедност-Скопје, Скопје 2017, стр.11
[2] Ibid, стр.13

Политиката може да се дефинира накратко како „процес со кој една група луѓе, чии мислења или интереси се почетно различни, доаѓаат до колективни одлуки кои обично се сметаат како обврзувачки за групата и се применуваат како заедничка политика. Оваа дефиниција вклучува неколку елементи што треба да се испитаат одделно за да се разбере комплексноста на идејата за политиката. Тие елементи се: различните гледишта, начинот на кој се донесуваат колективните одлуки, подразбирање дека на некој начин се врши сопствено наметнување и станува политика на дејствување и претставува авторитет кој во пракса е власт[3]. Одтука може да заклучиме дека главната арена на политиката е државата и борбата за власт заради наметнување на сопствените гледишта и ставови преточени во одлуки на државно ниво. Можеме да направиме и тривијална дефинираност на политиката која е карактериситична за политичката прагма на Балканите, а се нарекува едноставно: *„борба за допир до ресурсите на државата – буџетот на прво место“.*

Во пракса, политичката криза е означена како политичка во рамките на политичкиот процес. Како таква, политичката криза е процес во кој нормалното функционирање на политичкиот систем и односите помеѓу политичките и општествените актери кој се дел од системот го менуваат, на тој начин предизвикувајќи во текот на определен период моментална или долготрајна неизвесност и институционална нестабилност, додека системот не претрпи преуредување и прилагодување кон новите услови.

Политичката криза, всушност претставува криза на легитимитетот, при тоа претставувајќи ја политиката како институција која се застапува за идеално општество во кое се одржуваат неговите вредности и интереси. Токму вака гледајќи на политичката криза и правејќи паралела со дефинирањето на политиката и нејзините елементи, особено со елементите „наметнување на сопствените ставови и автократизмот“, доаѓаме до определувањето на точката во која доаѓа до појавата на политичката криза. Губењето на легитимитетот, пред се во внатрешната политика претставува губење на релевантноста на донесувањето на одлуките во кои се спроведуваат и наметнуваат сопствените ставови. Во меѓународната политика, губењето на легитимитетот покажува појава на криза во билатералните или мултилатералните односи со појава на недоверба или нереализирани очекувања и влијанија, а тоа има свои аспекти на влијание и врз довербата во внатре-политичката сцена. Оваа состојба несомнено влијае и врз чувството на сигурност кај граѓаните и донесувањето одлуки во рамките на системот на сигурност на државата и препознавањето на ризиците и заканите врз сигурноста како и соодветно реагирање.

Причини за појавата на политичката криза може да бидат: незадоволството, недовербата или неодобрувањето на одлуките, како и незнаењето на политичките лидерства. Во сигурносен аспект тоа може да бидат: напнатоста, дисфункцијата на системот или поедини составни делови на системот и противречностите кои се таложат во општеството како резултат на долготрајно донесување на погрешни политички одлуки или неспособност, криминализиранот и корумпираност на власта. Напнатоста и дисфункционалноста во општетството се едни од првите знаци за надоаѓањето на политичката криза.

Сепак, перцепцијата на политичкиот процес вообичаено е субјективна, особено доколку се немаат доволно информации и пред се точни информации, при што самата перцепција е водена од други интереси (најчесто идеолошки-политички или економски). Поради ова, состојбата на политичка криза во општеството нема да ја препознаат навремено, ниту пак да ја почувствуваат и при тоа реагираат соодветно сите актери кои се вклучени во процесот. Резултатите од кризата можат да изгледаат и позитивно и негативно, во зависност

[3]Давид Милер, ЏенетКоулман, ВилјамКонели, Алан Рајан, „Блеквелова енциклопедија на политичката мисла“, Книгоиздателство МИ-АН, Скопје 2002, стр.323-324

од тоа која страна како гледа. Токму од овие причини навременото препознавање и реагирање на кризата е клучниот миг во кој се става под контрола политичката криза со промена на политичките одлуки или истата се зголемува. Оваа констатација важи и за внатрешно-политичките кризи и за меѓународните политички кризи.

**Секуритизацијата како инструмент во создавањето политичка криза**

Секуритизацијата не е нов поим во мировните и безбедносните студии, но несомнено дека е сигурна алатка за поддржување-ескалирање или деескалирање на политичката криза, а како облик на политизација на некое општествено прашање, при што е поекстремен облик на политизација. Без учество на јавноста не е возможно да се креира и менаџира со политичката криза, а особено доколку таа криза не се доживува како исклучително важен за иднината на нацијата-државата настан, односно предизвик околу кој треба да се обединат граѓаните-нацијата. Колку тоа што се пласира како ризик и закана е навистина ризик и закана врз сигурноста, не е важно, бидејќи треба да се оствари определена политичка цел поради која се креира политичката криза, за која е потребно да се мобилизираат граѓаните. Ова е посебно карактеристично при меѓународна политичка криза, во чии рамки е неопходно „да се сочува нацијата која е загрозена“.

Според Оле Вивер, секое прашање во општеството може да се постави како:

- неполитизирано (државата не се справува со оваа прашање и тоа не е дел од јавна дебата и дискусија),
- политизација (прашањето е дел од јавната политика и неопходно е владата да одлучува и да обезбеди одредени средства за решавање),
- секуритизација (прашањето се поставува како егзистенцијална закана)[4]

Секуритизација значи некое прашање да се претстави како ургентно и егзистенцијално , толку значајно што наместо со вообичаените политички средства потребно е да се решава со вонредни средства и приоритетно.

Токму поради оваа ургентност на решавањето на политичкото прашање, преку неговата секуритизација тоа прашање се издигнува на нивото на сигурносно прашање или политичко прашање со директно влијание врз сигурноста. На овој начин политичката криза обременета со перцепцијата за несигурност, напнатост и дефокусираност на општеството, преку дејството на говорот на политичките водства и лепење на етикета врз политичкиот проблем како сигурносен, се создава сигурносно прашање на високо ниво и политичката криза прераснува во криза на сигурноста до степен на егзистенцијална криза.

Така, секуритизацијата претставува интерсубјективно (внатре во групата создавање на перцепција) воспоставување на егзистенцијална закана која е доволно изразена за да постигне значителни политички ефекти во внатрешната или меѓународната политика.

Во овој труд нема понатаму да се занимаваме со секуритизацијата и нејзините клучни елементи, иако сметаме дека се важни за нејзината политичка ефикасност, а особено потребата од референтен објект (оној кој се заштитува од политичко-сигурносни закани) и секуритизирачкиот актер (оној кој го изнесува аргументот за политичко-сигурносна закана) или најчесто тоа е владата.

Преку секуритизацијата, сакаме да се обидеме да низ практични примери на појава на референтни објекти и секуритизирачки актери прикажеме како се создава политичка криза која резултира со сигурносни влијанија во самата држава (држави) и во меѓународните односи, но пред тоа ќе направиме еден краток теориски осврт на основните меѓународни

[4]Лидија Георгиева, „Менаџирање на ризици“, Филозофски факултет-Скопје, Скопје, 2006, стр.52-53

правни норми во меѓународното право кои се однесуваат на билатералните и мултилатералните односи помеѓу државите и нивното влијание врз одржувањето на регионалната сигурност.

**Меѓународно правни одредби во односите помеѓу државите**

Во секоја претпоставена ситуација, дури и во ситуација на внатрешна политичка, економска, здравствена или друга криза во една држава, па се до степен на отворен вооружен судир помеѓу две или повеќе држави, постојат уредени правила на однесување, пред се на немешање во внатрешните работи на друга држава или промена на границите. Како што рековме, преседаните раѓаат нови и полоши преседани.

Правилата кои владеат со прибегнувањето на не употреба на сила, уцена или закана претставува централен елемент во рамките на меѓународното право, и заедно со другите принципи како што се, територијалниот суверенитет, независноста и еднаквоста на државите ја обезбедуваат рамката на меѓународниот ред. Меѓународното право мора да настојува да го минимизира и регулира прибегнувањето кон употреба на сила од страна на државите, без да може самото да ја наметнува својата волја. Тоа мора да се потпира на согласноста, консензусот, реципроцитетот и чесноста. Улогата и покажување на сила во светската заедница, секако е зависна од политичките и другите незаконски фактори како и од моменталната состојба на правото, но правото мора да настојува да обезбеди механизми со кои ќе го ограничи и казни пребегнувањето кон употреба на насилство врз цела една нација. Употребата на збунувачка ситуација за субјективно и објективно право е исто како и апсолутно и релативно право. Додека едната страна тврди дека е апсолутно во право и дека само таа е во право, спротивно на тоа доаѓа релативното право, во меѓународното право се ценаат и двете страни, а особено формалните законски процеси. Гротиус[5] на неговиот систематизирачки начин, се обидел да ги исклучи идеолошките ставови како основа за праведна војна имајќи ги предвид деструктивните религиозни конфликти од XVII, век, и се обидел да ја дефинира праведната војна во однос на самоодбраната, заштитата на имотот и казнувањето за престапите кое го претрпеле граѓаните од одредена држава. Но, со позитивизмот и со конечното поставување на европската рамнотежа на систем на власт по Мировниот договор од Вестфалија, 1648 година, концептот за праведна војна исчезнува како таков од меѓународното право. Државите се суверени и еднакви и затоа ниедна држава не може да си дозволи да суди дали каузата на другата е праведна или не. Државите според меѓународното право се обврзани да ги почитуваат договорите, независноста и интегритетот на другите земји, и мора да се обидат да ги решат разликите на мирен начин. Таму каде ќе се појави војна, без разлика дали е дипломатска, економска или со употреба на сила, таа повлекува правни последици и одеднаш се појавуваат едно мноштво правни ситуации. Во меѓународната заедница станува ирелевантно, во правна смисла, дали каузата била праведна или не (иако тоа во политичка смисла било важно) и основно прашање кое се врти дали има криза помеѓу државите или не, и дали е со растечка сила.

**Практични примери на внатрешна и меѓународна политичка криза**

Несомнено, Балканот како регион е постојано под напрегање на појавата на различни видови кризи, како резултат на историското наследство, актуелните збиднувања или тенденциите на државите од регионот, на Европската унија, САД или Русија или пак на други регионални сили кои се обидуваат да ги наметнат сопствените интереси. Секако, дека во Балканскиот геополитички јазол, тоа наметнување на сопствените интереси не може да се

[5] Repertory of Practice of UN Organs, Њујорк, 1995год., том II. стр. 104. Види, исто така, Simma, Charter, стр 489.

случи без да се загрозат нечии други спротивставени интереси, а со тоа постојаната тензичност на Балканите од латентност прераснува во ескалација. Доколку на овие регионални поместувања се надоврзат и внатрешните пред се економско-социјални, а потоа и политички и криминално-правни проблеми на државите од регионот имаме доволно материјал да се занимаваме во неколку труда со конкретни внатрешни и меѓународни политички кризи продуцирани во пракса на Балканот.

Сепак во овој труд само ќе отвориме прашање за две политички кризи кои имаат и внатрешно-политички и меѓународни влијанија (односно регионални влијанија), а тоа се Македонија и Босна и Херцеговина, кои имаат доволно капацитет да прераснат во регионални сигурносни кризи.

*Македонија и политичката криза*

Македонија е во интензивна внатрешна политичка криза веќе цели пет години. Впрочем, оваа внатрешна политичка криза е проследена со „решавање“ на надворешни конфликтни состојби, но во исто време и отворање на нови.

Основата на внатрешната политичка криза во Македонија може да се бара во минатото и низ неа доминираа различни видови на ескалација насочувајќи ја кон доминантна сигурносна криза, економска криза, меѓу етничка криза итн. Всушност основата на политичката криза во Македонија како денес, така и во минатото не беше ништо друго (иако останатите фактори на влијание не можеме да ги исклучиме), туку лошото владеење и корумпираноста на политичките елити кои раководеа со Македонија како во минатото така и денес.

Разбирањето дека на власт се доаѓа заради остварување на интересите, претставува најбрутално поимање на целите на политиката и учеството во неа од страна на актуелната политичка елита. Токму оваа перцепција за целите на власта, а во исто време неграмотноста во употребата на механизмите и инструментите за водење на државата при тоа почитувајќи ја стручноста и улогата на институциите на системот доведоа до не владеењето на правото и почитувањето на законите и пред се уставот на Македонија. Ова предизвика од состојба на уредена држава Македонија да премине во состојба на територија. Притоа, наместо да игра ролја на стабилна држава која ќе влијае врз стабилноста на Балканот, Македонија стана нестабилен субјект кон кого соседите во пракса покажуваат дека не гледаат Европски партнер туку територија врз која секој би сакал да ги оствари своите интереси во Балканскиот геополитички јазол.

Токму на овој начин, Македонија наместо да затвара отворени конфликти и особено да ја надмине внатрешната политичка криза, како резултат на истата, влегува во надворешна политичка криза, што во актуелниот миг за Македонската влада претставува невозможна мисија за менаџирање на паралелна внатрешна и надворешна политичка криза. Прво, внатрешната политичка криза има капацитет да ја урне владата поради еклатантната криминално-коруптивна основа поради која ескалира. Второ, надворешната криза, во овој контекст мислиме на онаа со Бугарија покажува капацитет во потполност да ги сопре дури и политичките можности за конкретен почеток на Европските интеграции на Македонија.

Колку и да е Македонија во право, колку и да гледаме секуритизација на прашањето за Македонија во Бугарија и од страна на Бугарската влада, видливо е во пракса како една внатрешна политичка криза на една влада неспособна за управување со државата преку низа погрешни чекори и политики доведе до отворање на надворешна политичка криза. Секако дека и Бугарската страна во оваа криза, односно владата на Бугарија имаше свои внатрешни политички причини за влегување во надворешна политичка криза како посилна страна, но

пред се со цел да ја минимизира сопствената внатрешна политичка криза и направи општествен дефокус кон надворешно-политичка криза во која се „загрозуваат“ националните интереси на Бугарија и тоа токму пред и за време на избори.

Прашањата кои Бугарија ги наметна како приоритетни и причина за кризата, а насловени како: „заедничка историја, Македонскиот јазик и Македонскиот народ и нација“, претставуваат нонсенс во меѓународните односи дури и кога се креира и создава ваков вид на политичка криза, негирањето на самобитноста на јазикот и нацијата на еден народ (во овој случај на Македонскиот) претставува тригер на сигурносна криза и долгорочно загрозување на меѓудржавните односи. Резултатот кои политички во овој момент е видлив е дека, ниту Бугарската влада успеа да ги спечали изборите на Македонското прашање, за што најдиректен пример е невлегувањето во Собранието на ВМРО на Каракачанов и неможноста ГЕРБ да формира влада, ниту Македонската влада на Заев и покрај целата попустливост во оваа криза и де факто слаба страна, не успеа да добија датум за почеток на преговорите со ЕУ. Ова е еклатантен индикатор дека ниту секуритизацијата, ниту политичката кампања, ниту поставувањето на „добрососедските односи“ помеѓу Македонија и Бугарија како замислена цел која секој посебно си ја толкуваше и разбираше, не дадоа решение или позитивен резултат за било која од страните во оваа надворешна политичка криза.

Тоа што го изгубија и двете страни и за што ќе треба многу време за поправање е изгубената меѓусебна доверба, намалување на академската, интелектуалната, економската, социјална, културна и инфраструктурна поврзаност, а што требаше да биде и основа на договорот од 2017 година. Во овој момент направена е голема штета во меѓу државните односи, но пред се во односите помеѓу граѓаните на Бугарија и Македонија, помеѓу Македонците и Бугарите. Дополнително, отварањето на историски теми покрај тоа што ја блокира Македонија за почеток на преговорите со Европската унија, туку ја доведе Бугарија во непријатна состојба пред европските партнери по многу прашања, а го отвори и прашањето за Македонското малцинство во Бугарија. Токму ова прашање ќе предизвика проблеми и отварање на други прашања поврзани со националните малцинства во Бугарија што пак веќе претставува проблем на Конституцијата.

Низ призмата на кратка анализа на оваа надворешна политичка криза како резултат на внатрешната политичка криза во Македонија, но и во Бугарија може да видиме колку се сложени политичките кризи кои како резултат на внатрешните долготрајни политички кризи и неспособност на владите за управување на државата во некоја фаза предизвикуваат надворешно-политичка криза која во својата суштина има намера на мешање на една држава во внатрешните работи на друга држава, а заради остварување на сопствените цели. Овие цели, политичките лидерства ги претставуваат како клучни национални цели и ги секуритизираат без претходно да имаат план до кој степен ќе го прават тоа, како ќе ги менаџираат, како ќе ги десекуритизираат и на крајот какви воопшто политички резултати или придобивки ќе донесат.

*Босна и Херцеговина жртва на поп paper дипломатијата*

Босна и Херцеговина од самото свое осамостојување од поранешна Југославија е жртва на интересите на Србија и Хрватска и тенденцијата на Муслиманите да создадат своја Бошњачка нација. Одтука Босна ја заврши граѓанската војна како држава на три нации, поделена во два ентитети (Република Српска и Федерација). Колку и да се обидуваа низ призмата на Уставните решенија Босна да ја прикажат како единствена централизирана држава, сите процеси во неа на внатрешно-политички план постојано се дивергентни со латентна тенденција за отцепување на Република Српска (која де факто функционира како

држава во држава) и кантоните на федерацијата каде мнозинство се Хрватите и спојување со своите матични држави.

Како резултат на оваа долгорочна внатрешно-политичка криза и тенденции, несомнено се појавуваат и надворешно-политички кризи кои се делумно и резултат на нерасчистените прашања од војната како што е Сребреница или државните интереси на соседните држави. Така, Босна не го признава Косово иако Муслиманскиот и Хрватскиот ентитет, односно Федерацијата има политичка волја тоа да го стори, додека Република Српска пред се поради интересите на Србија не го поддржува признавањето на Косово, а што се одразува на строг меѓувизен режим помеѓу Босна и Косово.

Приближно две децении оваа состојба на криза на внатрешно-политички план во Босна ги мултиплицира проблемите и нерешените прашања, така што периодично се засилуваат идеите, но и конкретните политичко-дипломатски чекори за надминување на „неодржливата“ состојба на државата Босна и Херцеговина. Последниот обид за изнаоѓање „решение“ претставува фамозниот non paper со кој се предвидува токму поделба на Босна. Овој анахрон обид за решавање на внатрешната политичка криза во Босна повторно отвори многу прашања, а особено отвори надворешно-политичка криза помеѓу Босна и Србија.

Очигледно е дека некој намерно сакаше да ги разбуди духовите и пред се да го држи проблемот на „неодржливост“ на Босна како држава отворен, но и да го испита пулсот на реакции на регионот и посебно Европската унија. Оваа non paper дипломатија не предизвика едноставна турбуленција и надворешно-политичка криза, туку предизвика и сигурносни турбуленции поврзани со практиката на менување на границите на Балканот по етнички линии. При воведувањето на ваква пракса нема држава на Балканот која би била поштедена од промена на границите, колку и да се надеваат сите на територијална добивка. Таквата загуба би отворила серија конфликти кои тешко дека во следните триесетина години би можеле да се решат, а тоа значи дека некој се обидува преку non paper дипломатијата да си игра со сигурноста на Европа.

Босна без сомнение ќе остане држава која е во континуирана внатрешно-политичка криза во која свое влијание ќе имаат и други држави, особено соседните, но тестирањето на поделбата на териториите и прекројувањето на границите значи неминовно отворање на Балканска криза со несогледиви сигурносни последици.

## Заклучок

Од теорискиот осврт и дадените примери може да заклучиме дека внатрешните-политички кризи несомнено имаат влијание на појавувањето на надворешно-политички кризи, додека и во двата случаи постои доволно кризен капацитет кои политичката криза ќе ја претвори во сигурносна криза.

Обидите на Европската унија неколку години наназад, да ја зајакне и нагласи својата меѓународна улога и безбедносен идентитет со различни конфигурирани овластувања, инструменти и внатрешни институционални актери е пречка за засилување на Европската безбедност. Сакајќи да се етаблира како глобален актер и одлучувачки фактор барем на Европскиот безбедносен простор, Унијата паѓа на основни круцијални прашања од типот на човекови права, солидарноста и хуманитарна помош, а далеку е од капацитетот за решавање на кризи.

Впрочем, влијанијата на внатрешните кризи во „нестабилните“ држави со капацитет за предизвикување на надворешна политичка криза со ризик за прераснување во безбедносна криза, претставува долгорочен предизвик за Унијата.

Конкретните примери за Македонија и Босна претставуваат конкретен предизвик за справување со внатрешните политички кризи, а пред се криминалот, корупцијата и неспособноста на владите, а токму надворешната политичка криза на Македонија со Бугарија, како и на Босна со Србија и Хрватска е индикатор за нестабилноста и на Бугарија и на Хрватска и на Србија. Дури и двете земји членки на ЕУ поради својата внатрешна политичка криза се подложни на создавање надворешна политичка криза, а што го покажува регионот како нестабилен и генератор на кризи во кои владите се покажуваат како криминални, корумпирани и неспособни.

***Библиографија***

*1. Давид Милер, ЏенетКоулман, ВилјамКонели, Алан Рајан, „Блеквелова енциклопедија на политичката мисла“, Книгоиздателство МИ-АН, Скопје 2002*

*2.Желимир Кешетовиќ, Неџат Корајлиќ, Иван Тотх, Марјан Ѓуровски,* ***„Управувањето со кризи меѓу теоријата и практиката“****, Универзитет Св.Климент Охридски-Битола, Факултет за безбедност-Скопје, Скопје 2017*

*3.Лидија Георгиева,* ***„Менаџирање на ризици“****, Филозофски факултет-Скопје, Скопје, 2006*

*4.Малколм Н.Шо „Меѓународно право“ издание VI, 2009*

*5. Владо Камбовски „Меѓународно казнено право“ Правен факултет – Скопје, 1998*

*6. Karl von Clausewitz “ On war”*